**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,22 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Ја отворам Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јагнула Куновска, Фијат Цановски, Али Ахмети, Тахир Хани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Гоце Марковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Тале Герамитчиоски, Валентина Божиновска, Данаел Дончев, Лилјана Поповска и Ристана Лалчевска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Бидејки според системот пријавени се само 49 пратеници, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, за да можеме да продолжиме со работа.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги замолувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејки во салата нема доволен број на пратеници, објавувам пауза до 12,00 часот.

Ви благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,10 часот)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите да не информираат за точниот број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлог на закон за високото образование.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 52 став 1 за бришење на алинејата 19, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, 10 гласале за, 1 воздржано, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 4 поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Владата го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани**: Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 3, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани**: Владата не го прифати амандманот.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, 10 гласаа за, 2 воздржано, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за бришење на ставовите 4 и 5, поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани**: Владата не го прифати амандманот.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, 10 гласаа за, 2 воздржано, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за додавање нова реченица на ставот 4 и за бришење на став 5, поднесен од пратениците Анета Стефановска, Мирјана Секуловска и Цветко Грозданов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Руштити:** Едно кратко објаснување. Значи, следниот амандман после овој кој е номотехнички поисправен, значи ќе го прифатиме. Со тоа што суштината на овој амандман е иста, слична, значи овој амандман не се прифаќа.

**Бесим Догани**: Амандманот не е прифатен со даденото образложение дека ќе се прифати следниот амандман кој е со иста содржина, а е технички поисправен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 9 гласале за, 1 воздржано, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за менување на став 4 и за бришење на ставот 5, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Руштити.

**Сулејман Руштити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани**: Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за менување на став 4 и за бришење на ставовите 5 и 8, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Руштити.

**Сулејман Руштити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани**: Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе,

Бидејќи овој амандман е варијанта, или една варијација на амандманот кој што претходно беше прифатен, го повлекувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за менување на став 5, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Руштити.

**Сулејман Руштити:** Амандманот не се прифаќа .

**Бесим Догани**: Амандманот не е прифатен од страна на Владата.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници, една од одредбите во овој закон која што се предвидува да се измени со овој амандман овозможува ректорот да не мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. Имено, станува збор за член 53 последен став во кој што се вели: ректорот не мора да биде од редот на вработентие на Универзитетот. Начинот на изборот и разрешување на ректорот поблиску се уредува со статутот на Универзитетот.

Колегите Герамитчиоски и Макрадули предлагаат зборот "не" да се избрише. Значи, да се регулира со Законот за високо образование ректорот да мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. Мислам дека парламентарното мнозинство треба да го прифати овој амандман заради тоа што до колку ваквото решение остане предизвикува неколку прашања кои што можат да имаат сериозни импликации на однесувањето и на функционирањето на Универзитетот.

**Бесим Догани:** Се извинувам, амандманот е поднесен од господинот Ѓорѓи Оровчанец и од Марјан Додовски и се однесува на друга работа.

**Славица Грковска:** Јас се извинувам.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе. Јас би сакал да полемизирам малку со министерот, затоа што тој најави дека во одреден обем ректорот на Универзитетот може да биде клучен во образовниот процес. Овој амандман се однесува на тоа, ректорот на Универзитетот кој произлегува од базата и е професор на тој универзитет, на некои од факултетите на Универзитетот може да ја извршува својата примарна, или наставна функција во одреден обем кој ќе биде одреден со статутот на Универзитетот. До колку министерот ни потврди она што претходно го кажа, дека тој размислува во склоп на законот да се постигне консензус 30% од обемот може да го користи, тогаш јас би го прифатил неговиот став и овој амандман би го повлекол.

**Бесим Догани:** За збор се јави министерот за образование и наука, господинот Сулејман Руштити.

**Сулејман Руштити:** Благодарам господине Оровчанец. Значи, претходниот амандман што го прифативме е амандманот кој уредува дека ректорот може до 30% да предава.

**Бесим Догани:** Господине Оровчанец, значи вашиот амандман е повлечен.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Амандманот го повлекувам.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 53 за бришење на став 8, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа .

**Бесим Догани**: Амандманот не е прифатен од страна на Владата.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас се извинувам за претходното недоразбирање. Со овој амандман предлагам да се брише ставот 8 во членот 53 со кој што се предвидува ректорот да не мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. Заради тоа што сметам дека до колку ваквото решение остане може да предизвика сериозни последици во функционирањето на високообразовните иснтитуции. И не само заради тоа, заради тоа што сметам дека ваквото решение предизвикува сериозен упад во автономијата на Универзитетот, заради тоа што сметам дека ваквото решение може да предизвика политичко именување на ректори на универзитети што би можело да се случува со секое менување на власта во Република Македонија, заради тоа што остава простор за такво нешто.

Интересно е тоа што,пак ќе повторам, секогаш кога е ВМРО-ДПМНЕ на власт се јавува потреба за загрозување на автономијата на Универзитетот и за негова контрола. И тоа е една опасна тенденција. Не станува збор веќе за ад хок политика, значи не станува збор за политика на Љубчо Георгиевски на претходниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ , туку станува збор веќе за идеолошка определба на ВМРО-ДПМНЕ за воведување на апсолутистички и тоталитарен систем во Република Македонија и потреба да се контролира се што не е во надлежност на Владата и на премиерот Груевски, почнувајќи од Собранието на Република Македонија преку други независни регулаторни тела за сега да се прават обиди за контрола и упад во независноста на Универзитетот и на високообразованите институции. До колку се случи да остане ваквото решение, мислам дека ќе се соочиме со еден сериозен проблем во функционирањето на универзитетите, заради тоа што имајки во предвид дека ректорот согласно овој закон има можност да именува и разрешува декани, се отвора простор за целосна политизација на универзитетите и на високообразовните институции. Значи, она што се случува сега во државната администрација со вработување исклучиво на партиски кадри без никакви критериуми во ситуација кога во ек е кампањата: Образованието е сила, образованието е моќ, за која што Владата на Република Македонија двои огромни средства од граѓаните,од оние граѓани кои што го полнат Буџетот на Република Македонија. Имаме спроведување на сосема спротивна политика. Кампањата на Владата: образованието е сила, образованието е моќ, е само параван за партиските чистки што се случуваат во образованието, во администрацијата и со таа кампања практички Владата ги прикрива сите активности што ги прави, а кои што одат на адреса на потполна партизација на вработувањата во државната администрација, на унапредувањето на државните службеници, меѓутоа потполна партизација и на вработувањата општо во Република Македонија.

Во изминативе неколку месеци имаше бројни написи за тоа како млади кадри кои што завршиле со голем просек на нашите универзитети, или на универзитетите во странство, чукаат на портите на владините агенции и на министерствата на конкурсите за вработување, меѓутоа наместо да се валоризира нивниот труд и просек, се валоризира само нивната партиска книшка. До колку се случи да остане решението ректор да не мора да биде вработен од Универзитетот, ќе имаме партиски избран ректор кој што подоцна треба да спроведе партиски подобни декани на факултетите кои што подоцна ќе треба да спроведат партиски вработувања на младите стручни кадри што ќе предизвика комплетно губење на угледот и на автономијата на Универзитетот и високообразованите институции и конечен дебакл на квалитетот на високообразовниот процес. Заради тоа што, ако се продолжи со праксата на вработување на кадри исклучиво со партиска книшка, без да се води сметка за нивниот просек и за тоа колку инвестирале во своето знаење и колку можеме ние да го искористиме нивното знаење. Приемот на партиски кадри и функционирањето на универзитетите исклучиво по партиски клуч сериозно ќе го наруши квалитетот во високото образование. Мислам дека треба под итно Владата да ја откаже кампањата: образованието е сила, образованието е моќ, заради тоа што она што го прави е сосема спротивно на она што го промовира или во суштина непотребно ги троши парите на граѓаните, туку напротив ги користи кампањите за полнење на џебовите на одредени личности блиски до партијата на власт.

Со ставањето на ваквото решение се разбира дека влегуваме во еден магепсан круг, заради тоа што, ќе повторам уште еднаш, постои можност со секоја гарнитура на власт да имаме различен избор на ректор, кој што поради ваквото решение секогаш ќе биде оквалификуван како партиско решение.

Нашите универзитети немаат организациска поставеност која може да обезбеди ректорот да биде менаџер. Ниту пак ние можеме да си го дозволиме тоа. А, универзитетите што функционираат на таков начин имаат потполно поинаква организациона поставеност и заради тоа не треба секогаш само да ги препишуваме одредените решенија од други држави и да ни бидат аргумент за одредени законски решенија, туку напротив треба да ги прилагодуваме на потребите на македонското општество и на тоа да одбираме решенија кои најдобро може да функционираат во Република Македонија.

Ако нема подготвеност како што се покажа, да се прифатат одредени решенија што сме обврзани

да ги направиме, согласно Болоњската декларација, согласно обврските кои што Република Македонија ги превземала, а што се однесуваат на вклучување на студентите во процесот на одлучување, тогаш не гледам зошто по секоја цена се инсистира на вакво решение кое не е ниту Болоњската декларација, не е ниту согласна со еворпските директиви, туку напротив единствено е согласно со потребата на Груевски да владее и да контролира се во државата што не е надлежност на Владата.

Високообразовните институции останаа едни од ретките институции кои што до сега не беа директно контролирани од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Ова решение е начин за партиска контрола на високообразовните институции. Ова решение е директен упад во независноста и автономијата на Универзитетот и јас сакам да ги повикам сите универзитети, сите високообразовни институции да се спротистават и да не прифатат вакво решение во Законот за високо образование. Заради тоа што очигледно е дека аргументите кои ние ги кажуваме тука не се доволни или се сфаќаат политички, а не се сфаќаат добронамерно заради тоа што од спротивната страна, од страна на парламентарното мнозинство, од страна на ВМРО-ДПМНЕ имаме исклучиво политички причини, партиски причини за воведување на вакво решение. Друг аргумент за ова нема.

И дозволете почитуван министре, вие сте во многу лагодна ситуација сега, заради тоа што после завршувањето на овој закон како што слушаме ќе го смените ресорот. Меѓутоа тоа нема да ве амнестира од одговорноста. Вие имате обврска, додека сте министер за образование, да оставите закон кој што ќе биде навистина европски и ќе го заслужи знакчето на Европската унија што го носи на почетокот на страната.

Ваквото решение, ќе повторам уште еднаш, не е во согласност со европските директиви, имајќи го предвид целиот контекст во кој што е напишан овој закон.

Значи, имаме ситуација во која што ректорот не мора да биде вработен на Универзитетот. Ќе биде партиско решение. Тој ќе одбере декани на факултетите, исто партиски решенија, кои понатаму ќе ја спроведуваат партиската чистка на високообразовните институции. Тоа ме потсетува на времето на Милошевиќ, кога ваква партиска чистка се случуваше исто на универзитетите и на високообразовните институции во Србија, кога многу угледни политичари, кои беа вработени како универзитетски професори и универзтитски кадар, го изгубија работното место само заради тоа што не беа подобни и заради тоа што не го подржуваа системот на Милошевиќ.

Ова е најава за тоталитаризам и за чистка. Или, да го употребам жаргонот на ВМРО-ДПМНЕ за идеологизација на високото образовние по теркот на ВМРО-ДПМНЕ и тоа ќе биде сериозен проблем за Република Македонија. Имајќи предви дека ВМРО-ДПМНЕ не е многу заинтересирано за членство во Европската унија, не ме ни изненадува што упорно инсистира на решенија што упорно не одалечуваат од Европската унија, од почеток на преговорите, но и од одредени решенија што се неопходни за наше зачленување во НАТО.

Мислам дека ако се земе предвид и тоа дека ректорот ги свикува и претседава со седниците на Сенатот, Сенатот кој треба да биде контролно тело на ректорот, ќе видиме дека и тенденцијата на законот е од ректорот да се направи недопирлива личност. Значи, ректорот ги именува и разрешува деканите, ректорот ги свикува и заседава со седниците на Сенатот, а Сенатот е тој кој што треба да го контролира работењето на ректорот. Тоа е исто како Собранието што го бира Груевски за премиер, а потоа Груевски да ги свикува и да заседава со седниците на Собранието на Република Македонија. Морам да направам ваква паралела заради тоа што, де факто, ваквите решенија во законот тоа го продуцираат.

И уште замислете, ректорот да не мора да биде вработен на Универзитетот туку е партиска личност, комплетно се совпаѓа сликата и се пренесува на ваквата ситуација помеѓу законодавната и извршната власт во Република Македонија, што е сериозен преседан.

Уште повеќе, министерот присуствува на седниците на Интеруниверзитетската конференција, Интеруниверзитетската конференција ќе има обврска, согласно Законов за најдоцна три месеци по донесувањето на законот да ги смени члевновите на Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација и имаме една фина, комплетна чиста партиска застапеност по сите органи на високото образование, што би требало да бидат независни и автономно да функционираат. И тогаш ќе имаме, без никаков проблем, акредитација на сите партиски политики што ВМРО-ДПМНЕ ги спроведува, тогаш не би требало да не зачудува тоа што се случува на Универзитетот во Штип да остане неказнето, не треба да не зачудува тоа што се вработуваат кадри кои не се соодветни и наместо асистент по математика на тоа место се прима некој кој завршил геологија, меѓутоа очиглено, она што ВМРО-ДПМНЕ го промовираше како политика не само од 1998 до 2002 година, туку и од 2006 година па наваму, важи девизата “ВМРО-ДПМНЕ и се е можно”.

Овој закон е направен по секоја цена да предизвика пормени во функционирањето, по секоја цена да не функционира системот и сите ингеренции што се дадени да го овластат ректорот да биде оној кој буквално ќе одлучува за се што се одлучува на Универзитетот, без никаква контрола.

Јас би сакала да ги слушнам аргументите почитуван министер, заради тоа што вие сигурно сте дискутирале за ваквото решение и сигурно имате сериозна причина зошто сте го предложиле. Заради тоа што ова решение за прв

пат се појавува во овој текст на законот. Знаете дека законот помина во прва фаза, такво решение немаше. Беше предложен една година подоцна заради тоа што не убедуваше Министерството дека секоја недела ќе го предложи, секоја недела стана една година. Откако ги помина сите собраниски тела беше ставен на дневен ред, па потоа повлечен, за да добиеме, после неколку месеци закон со вакви решенија што никаде претходно не се појавени, ниту пак беа предложени пред јавната дебата во која што учествуваа сите релевантни претстовници на високообразовните институции во Република Македонија, ниту пак е подржан од универзитетите.

Ако се повикам на изјавата на вицепремиерот Јанкуловски, кој ја даде веднаш на излегувањето на овој Предлог закон во Собранието, вицепремиерот Јанкуловски кој во меѓувреме се занимава и со земјоделие и со образование, само не знам кој дел повеќе му пребегнува, дали додека се занимава со Универзитетот во Битола му останува доволно време да се занимава и со земјоделие, вицепремиерот Јанкуловски рече дека е добро, дека треба ректорот да не биде вработен во Универзитетот, заради тоа што тоа ќе биде лице кое добро ќе упуравува со Универзитетот и добро ќе го менаџира. Што ми дава за право да констатирам дека веќе се знаат лицата кои ќе бидат ректори, избрани на ваков начин. На сите државни универзитети во државата. Изјавата на вицепремиерот Јанкуловски, дадена за вестите на Канал 5 ми дава за право да констатирам дека ваквото решение е направено само за да се овозможат одредени партиски решенија помеѓу коалиционите партнери за да се задоволат одредени апетити на одредени членови на владеачката коалиција.

Ние, дозовлете ми да констатирам, сме заложници на таквата политика помеѓу коалиционите партнери веќе една година и осум месеци. Дека таквата политика на упорно задоволување на личните интереси на одредени партиски членови на партиите на власт ја доведова Македонија до заложништво, ја изолираа, го проблематизираа нејзиниот почеток со преговорите со Европската унија, па заради тоа два пати имавме негативен извештај со Европската унија, а заради креирање на политиката од Могорче, сериозно ги загрозија националните интереси на Република Македонија и зачувување на уставното име и зачленувањето во НАТО.

Сочекувам, барем малку парламентарното мнозинство да разбере какви последици може да има ваквото решение. Да разбере дека водењето на политиката од Могорче не е политика што ги задоволува и исполнува националните интереси на Република Македонија. Туку напротив, ја води Македонија во комплетна изолација, ја води Македонија во пример за загрозување на автономијата на Универзитетот и за жал, ја води Македонија кон констатацијата од страна на другите земји дека она што порано се случуваше во Србија, за време на режимот на Милошевиќ, сега полека но сигурно се случува во Република Македонија. И, во суштина имаме сериозно загрозување на демократијата и загрозување на автономијата и независноста на универзитетите во Република Македонија.

Ако не се прифати ова решение, следува комплетна партиска чистка во универзитетите, следува крај на демократијата во Република Македонија. Ова е знак дека некој во владеачката гарнитура, почнувајќи од Груевски па натаму сериозно се плаши од интелектуалците во Република Македонија. Серозоно се плаши од интелектуалниот кадар и потенцијал кој го содржат универзитетите и високообразовните институции. Затоа има потреба од инсталирање партиски кадри кои ќе ги дисциплинираат и контролираат и универзитетските кадри, меѓутоа и студентите. На тој начин Македонија никогаш нема да оди напред. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Грковска.

Реплика има господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас би реплицирал по однос на претходниот дискутант госпоѓа Грковска, по однос на партизација на универзитетите од страна на владеачката гарнитура, поточно на ВМРО-ДПМНЕ.

Би напомнал дека бирањето на ректорот, она што го предвидува членот 53 од Законот е точно децидно утврдено каков е начинот на изборот на ректорот, поточно како и кои се неговите ингеренции.

Дали ректорот ќе работи правилно или не и тоа е регулирано со членот 54. Ако Сенатот не го прифати извештајот од став 2 на овој член, поведува постапка за разрешување на ректорот на Универзитетот. Значи, не можеме да кажеме дека со работење или неработење ректорот ќе може да опстане и, зошто баш ректорот може да биде избран од другите универзитети, тоа дава една лепеза, поточно квалитет.

Кога зборуваме за квалитетот, не треба да бидеме зачаурени само во еден Универзитет и да немаме можност да еден одреден квалитетен професор кој би аплицирал за ректор на Универзитетот, да не може да биде прифатен од другиот факултет.

Би напомнал дека менталниот склоп на ваквото размислување доведува до тоа да и ден денеска во универзитетите ширум Македонија имаме асистенти и помлади асистенти кои не ги исполнуваат условите. Имаат над 40 години, се уште немаат магистрирано, а се асистенти или помлади асистенти на факултетите.

Тука зборуваме за еден квалитети, од кој квалитет нормално ова Влада не се плаши, затоа имаме и добра кампања во смисла на она “Образованието ни е се”. Се надеваме дека квалитетот, можноста

да се создадат подобри кадри, можноста секој да има поеднакви можности на аплицира на универзитетите и да даде можност за поквалитетна настава токму напротив ќе предизвика напуштање на ваквите кадри кои 40 години остануваат да бидат помлади асистенти на факултетите при универзитетите.

Оттука, би сакал да кажам, стравот од интелектуалците, баш напротив, кај оваа Влада не е присутен. Оваа Влада вложува и инвестира во создавање интелектуалци, интелектуален капацитет за разлика од некои други кои имаат страв да вложат во образованието. Тоа го гледаме и преку носењето на буџетите на Република Македонија, дека оваа Влада има издвоено до сега најмногу средства во однос на образованието, поточно во сферата на образованието за разлика од другите влади што предвидувале многу помали ставки за БДП за развој на образованието.

Така што, госпоѓо Грковска, не треба да се плашите од тоа што е интелектуалност и не треба да ја ширите тезата за партизација, затоа што сегашните кадри, како што кажав, асистенти, помлади асистенти сигурно се толку многу партизирани што и во нивната 40 годишна возраст се уште не успеале да магистрираат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Гроздaнов, ако продолжите на ваков начин да ја играте улогата на адвокат на Владата, тогаш јас сум сигурна во нашата победа на наредните избори. Заради тоа што, ако го прочитавте законот, ќе видевте дека ректорот ги свикува и претседава со седниците на Сенатот. И ги извршува заклучоците на Сенатот.

Сакате да ми кажете, ако ректорот процени дека Сенатот ќе поведе постапка за негово разрешување, дека ќе ја свика седницата? И дека, уште, ќе ја изврши нивната одлука? Тоа е класичен конфликт на интереси. Ниту едно тело не функционира на таков начни, ниту едно.

И, имате замена на тезите. Но очигледно е дека вашиот старав од интелектуалците, бидејќи немате аргументи како да го одбраните, го заменувате со тези.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувана колешке Грковска,

Иако во целост се согласувам со наводите што ги изнесовте околу упадот и целосно рушење на автономијата на Универзитетот, сакам да ви реплицирам во насока, со оглед дека вашиот амандман се однесува на целосно бришење на ставот 8 од членот 53, а следуваат два амандмани на колегите Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули и колешката Весна Јаневска, императивно се наведува дека мора да биде од вработените на универзитетот, а од останатите колеги Оровчанец и Валентина Божиновска се брише првата реченица.

Затоа јас сакам да кажам дека можеби министерот токму поради оваа втора реченица, начинот на изборот и разрешување на ректорот, побрзо се утврдуваат со статусот на Универзитетот, не гоприфаќа вашиот амандман затоа што не сакам да верувам дека и министерот почнал да се однесува како што се однесува премиерот на Република Македонија со неговиот автократски начин на владеење. Не верувам дека и минситерот го поддржува тоа и мислам дека одбивањетона вашиот амандман е во оваа насока. Не сакам да поверувам дека некој може кој што е министер за образование наука, сака да има директен упад во автономијата на универзитетот и да не го повторувам сето она што го кажавте, од она што досега го кажав, мислам дека најверојатно, ќе го прифати или амандманот на колегите кои што ги кажав каде што императивно се наведува дека мора да биде од редот на универзитетот, или пак останатите два амандмани, затоа што најверојатно му е важна на минисерот втората реченица. Доколку тоа не се случи, навистина мислам дека ова не само што е крај на демократијата во Република Македонија, туку и нешто полошо и се заканува на нашата земја. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Реплика има госпоѓата Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика се однесува и на амандманот и на образложението на колешката, од причина што не се согласувам ниту со едното ниту со другото. Она што е дадено во членот е дефинитивно ново решение во согласност со препораките и принципите на Болонскиот процес, особено оние кои што се однесуваат на управувањето и менаџментот со високото образование и со овие нови решенија се создаваат услови да се напуштат сложените процедури за остварување на тековни и развојни активности на Универзитетот.

Она што колешката го спори, дефинитиво, не можам да се согласам од причина со шпекулацијата дека се врши упад во автономијата на универзитетот, што е навистина голема лага, бидејќи во наредниот член, доколку внимателно се прочита, може да се види, еве ќе го прочитам на колешката можеби појасно ќе и биде, ректорот е должен најмалку еднаш во годината до Сенатот, Универзитетскиот совет и основачот да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот. Ако Сенатот не го прифати извештајот од став 2 на овој член, се поведува постапка за разрешување на ректорот на Универзитетот. Секоја друга шпекулација е лага, во која се сака да се прикаже еден солидно изгласан закон, кој, повторно го потенцирам тоа е во согласност со препораките на Болоњскиот процес да се направи некоја слика во јавноста,

која апсолутно, некореспондира со текстот на законот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Ташева.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Жално е што за образованието во Република Македонија одлучуваат лица кои се крајно неинформирани и се обидуаат да не убедат дека вакви решенија се согласно Болоњскиот процес. Ова можам да го оквалификувам како ништо друго, само очајнички обид за бранење на решенија кои што не се бранат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпогице Грковска.

Реплика има господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Министерството за образование и наука, почитувани колеги, јас внимателно ја следев колешката Грковска и навистина се чудам на одреден дел од нејзината дискусија, посебно на малициозноста и споредбите со владеењето на Слободан Милошевиќ, што е навитина навредливо. Забраната на автономијата на универзитетите во време на Милошевиќ 1998 година, тоа беше време за осуда на таквиот чин. ВМРО ДПМНЕ тогаш не беше ни парламентрна опозиција. Јас не знам, кога ќе се присетам таа 1998 година, не можам да се изначудам на цветањето на илјада цветови, или на студенската културна револуција што владееше во македонското високо школство, посебно на нејзината непартизираност и апсолутна автономија. Но после секоја стега, или секое гушење на автономијата се случува навистина процвет и на демократските процеси во високото образование и како резултат на тоа во денешна Србија, после 10 години од таа забрана на автономијата ни се случуваат навистина процеси кои се во правец на Болоњскиот процес. Меѓу другото, колку да ви го докажам тоа, амандманите што некој така здушно ги браневте се до буква препишани од Статутот на Универзитетот во Нови Пазар и Статутот на Универзитетот во Нови Сад, или се во рамките на она што е закон за високо образование во автономната покраина Војводина, па никој не зеде ни да каже нешто малициозно дека вие кореспондирате или препишувате или браните ставови кои што се до буква препишани од една соседна земја. Затоа навистина сметам дека треба да се извините за споредбата за гушењето на автономија во време на Милошевиќ. Благодаам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шутаров.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:**

Господине Шутаров, вас ве навредува споредбата со Милошевиќ, а нас не навредува и не загрижува тоа што вие упорно етаблирате режим на Милошевиќ во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпогице Грковска, збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Пред да почнам со амандманот само во аргументацијата што се водеше како реплика меѓу колешката Грковска и пратениците од ВМРО ДПМНЕ, не знам како ќе го коментираат ако случајно или недај боже, на пример Жан Митрев стане претседателна Лекарската комора, како што прочитавме вчера. Па тоа е Милошевиќ парекселанс потез. Да немаме дилема. Бидејќи момчето не може да добие лиценца од Лекарската комора, а со години работи овде, ќе го ставиме претседател на Лекарската комора за да си ја тера работата. Ама да се вратиме на Законот за високо образование на амандманот. Денеска амандманот го разгледуваме во една ситуација каде што вчера господинот министер Рушити при посетата на Државниот универзитет во Тетово се промовира дека ќе се отворат 7 нови факултети и дека за тоа донела одлука Владата на Груевски и мене ме радува што во јануари 2008 година Никола Груевски е сосема поразличен од оној Никола Груевски во 2004 година. Кога овде две ноќи до 5-6 сабајле пратениците на СДСМ ги убедуваше ВМРО ДПМНЕ колку е добро да се направи Државен универзитет во Тетово, а тогаш на 16 јануари 2004 година Никола Груевски тврдеше дека таков универзитет не ни треба дека тоа ќе направи аперхејд, дека тоа ќе доведо до гетоизација и ќе направи поделба меѓу младите во Македонија.

Мене ме радува што господинот Груевски го променил својот став и дека 300 нови вработувања ќе се донесат во тој дел со одлука што претходното Собрание ја има донесено и оваа промоција што министерот вчера ја направи е добра слика како треба во коалицијата да се работи, а не да се ветуваат работи во кеш што нема да се случат, туку некои реални работи кои што очигледно министерот од ДПА успеал да ја направи во Владата, за разлика од другите коалициони партнери кои се изгубени во просторот и времето. Единствено е моја замерка дека овој закон за високо образование не е доволен за да се направат тие 7 факултети, туку ќе треба да се направи некој нов закон кој што тоа ќе го направи, но, тоа ќе покаже времето. Тука се и колешката Силвана Бонева и Илија Китановски, да не кажам што се зборуваа тогаш во минатиот состав во јануари 2004 година, кога се бркавме тука по ходниците до 6 сабајле.

**Бесим Догани:** Господине Макрадули ќе ве молам да се вратите на амандманот, бидејќи немаме општа расправа.

**Јани Макрадули:** Веднаш се враќам.

Во сите мои дискусии и во сите мои амандмани што сум ги предлагал, заедно со господинот Герамитчиоски во име на пратеничката група на СДСМ го кажувам следното: Овој закон беше

усогласен со Универзитетот до 20 ноември, потоа на седница на Влада, за некои необјсниви причини се направени одредени измени. Ова е една од тие измени, каде што ректорот не мора да биде од редот на вработените во Универзитетот. Тоа исклучиво се однесува за шанса за упад, политички упад во Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Бидејќи во другите универзитети таа работа е завршена, можеби не требало закон, но е направена. Дали тоа се однесува на Универзитетот во Штип Гоце Делчев, кога на несвојствен начин беше надворешен човек избран за ректор братот на Жан Митрев, Сашо Митрев, или после упадот во Државниот универзитет во Тетово, тоа веќе си постои. Но, ова е обид да се наметне решение во Св. Кирил и Методиј заради многу причини, дел од нив зборуваше, или пишуваше во своја колумна и во Дневник во вторникот, професорот Фрчковски. Нотoрно невистина е дека ова е обврска од Болоњскиот процес, тука да нема дилема во јавноста, тие што разбираат и што ја следат оваа област знаат дека ова нема никаква врска со Болоњскиот процес. Дека универзитетите природно во поголемиот дел од Западна Еворпа се врзани по областа. Од технички науки или од медицински науки и дека од надвор доаѓаат ректори, мненаџери, кои што сме ги гледале, ако сте го гледале Кум 1, Корлеоне, кога ги донира парите на Универзитетот, па си мести свој мененџер на тој универзитет. Во вакви услови, кога се бориме за квалитет, кога државните универзитети се борат да го одржат квалитетот во однос на приватните, многу иницијативи со слаби резултати, би било контра продуктивно за образовниот процес во Македонија да наметнеме ректор од надвор, кој што не ги познава процесите и како се развиваат работите на еден универзитет. Јас сум рекол многу пати, ништо случајно нема во ВМРО ДПМНЕ, кога прави некоја законска измена. Има многу примери. И не за џабе ова стои. Можеби професорите на Универзитетот Св. Кирил и Методиј не веруваат, или како што ќе рече ректорот шансите се еден врз 1400, ама се плашам дека веше има некое решение да се направи упад политички парекселанс на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, исклучиво да се надминат некои комплекси од минатото, што очигледно некој сеуште ги влече и сеуште ги памти. Затоа и овој амандман и амандманот на колешката Јаневска и на Грковска и на Оровчанец одат во таа насока. Да се остави изборот или патот на еден ректор на еден природен начин кој што ќе доведе или ќе ги знае сите работи кога ќе биде во ситуација да раководи со институцијата во која што започнал како асистент, па по 20 -тина години се здобил со можност да биде избран да биде ректор. Затоа остро се спротивставуваме на ова решение, кое што сметам дека заедно со решението на Комисијата за акредитација се два политички упади што овој закон апсолутно, непотребно ги прави. Сите зборуваме дека законот е 90% усогласен, сите зборуваме за добрите решенија, за усогласување со Болоњскиот процес, за шансите што се нудат, но за жал, овој закон ги фаворизира приватните универзитети, не води грижа за судбината на државните универзитети, каде што со сиот ризик ќе нагласам дека квалитетот е на страната на државните универзитети и дека со ваков еден ирационален политички упад само ќе можеме да продуцираме нови проблеми, а не да зборуваме за одржување на квалитетот.

Јас се согласувам дека амандманите се можеби различни, но суштината е таа. Како да направиме механизам ректорот да си остане на вработените во универзитетот, да биде дел од вработените на универзитетот, а да не оставиме никаква можност за политички упади од страна на некои политички партии во овој случај ВМРО ДПМНЕ. Се плашам дека како тргнала работата ќе треба да се позанимаваме и со тоа во иднина, нема да се води сметка како да се подобри квалитетот, како да се намалат школарините на Државниот универзитет, туку ќе се занимаваме со тоа како да најдеме некој човек од страна и него да го донесеме на Универзитеот Св. Кирил и Методиј, затоа што ни смета, или затоа што не е политички распределен од страна на коалиционите партнери. Во такви услови не можеме да зборуваме ниту за квалитетно образование, ниту можеме да зборуваме за спроведување на Болоњскиот процес на Владата на Република Македонија Унвиерзитетот Св. Кирил и Методиј, им треба, за да се свикаат кога ја прават кампањата им треба за да се свикаат кога има соработка со меѓународни светски рономирани факултети, бидејќи комуникацијата е таа, преку Државниот универзитет Св. Кирил и Методиј, но зад грб, надвор од усогласувањата со ректоратот на седницата на Владата се прави еден политички уапд кој што ќе остави темна дамка на овој закон кој што во 90% е усогласен со европските директиви и принципи.

Јас не знам дали парламентарното мнозинство ќе собере сила да ги чуе не само аргументите на опозицијата, туку и аргументите на оние од позицијата кои се потпишани на амандмани или придружени и ќе се одлучи за зачувување на автономијата на универзитетите за зачувување на природниот процес кој постои како успешна и квалитетна традиција во рамките на универзитетите, пред се, во Свети Кирил и Методиј и ќе се одллучи да прифати еден од трите амандмани кои се однесуваат на тоа ректорот да мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор гоиспоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за образование и наука,

Јас најрпво би започнала вака: Разочарана сум од колегите од опозицијата кои што и од Законот за високо образование прават политика. Дел од колегите кои што дебатираа околу Законот за високо образование, поконкретно околу

конкретниот амандман што сега е на дневен ред, се дел од универзитетската средина. И ме чуди, како не сакаат да го разберат Законот за високо образование. Ме чуди зошто прават политика од Законот за високо образование. Но не ме чуди кога ќе помислам дека тоа е практично работа на една опозиција.

Јас ќе започнам вака: Во членот 52 од Законот за високо образование, кој што се однесува на надлежност на Сенатот стои меѓу другите надлежности на Сенатот дека и Сенатот избира и разрешува ректор и проректори на универзитетот. Што значи тоа? Значи, почитувани колеги од опозицијата дека Владата, односно премиерот не поставува ректор. А вие цело време зборувате така. Дека Владата, односно премиерот ќе постави ректор. Овде е многу децидно кажано Универзитетскиот сенат избира и разрешува ректор. А кои се во Универзитетскиот сенат почитувани колеги. Да видиме кои се во Универзитетскиот сенат. Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган кој го сочинуваат претставници од единиците на Универзитетот избрани непосредно и со тајно гласање од редот на професорите, односно научните советници и од студентите. Што значи ова.

Ако јас почитувани колеги, успеам да го убедам Универзитетскиот Сенат во овој состав од "Св. Кирил и Методиј", бидејќи почитуваните колеги пратеници од опозицијата цело време се грижат за "Св. Кирил и Методиј", а зошто се грижат само за "Св. Кирил и Методиј" тоа не наведува на фактот да помислиме дека во овој момент "Св. Кирил и Методиј" е од СДСМ универзитет. А, другите државни универзитети? Значи, јас ако успеам како кандидат за ректор да го убедам Универзитетскиот Сенат во овој состав во кој што прочитав дека сум подобра од некој мој колега од редовите на факултетите кои што се членки на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", зошто да не бидам ректор. Мене ректор нема да ме постави премиерот, мене ректор ќе ме постави Универзитетскиот Сенат, во кој Сенат можеби има симпатизери од различни политички партии. Вие цело време зборувате врз база на претпоставки. Јас во ниту еден момент од вас, почитувани колеги од опозицијата, не слушнав издржан аргумент зошто не може да се избере ректор од руг универзитет. И, сега ќе се вратам на почетокот кога се движеше овој закон за високо образование низ комисиите. Помина низ скоро сите собраниски тела односно комисиите. Знаете како се започна да се коментира овој предлог за ректор да може да биде и од друг универзитет на друг универзитет. Најпрво, се пушти во етарот тезата дека ректор може да биде и човек кој е газда на некоја фирма. Дури од извесни пратеници ми беше речено дека сега може да ти биде ректор и Минчо Јорданов. Па, треба ли така да веруваме, ние треба да ги читаме законите и да се повикуваме на законите точно онака како што се напишани. Никаде не стои дека може да ми биде ректор Минчо Јорданов или некој друг бизнисмен, угледен бизнисмен. Јас го почитувам Минчо Јорданов како успешен стопанственик, меѓутоа така беше кажано од некои пратеници во смисла дека може успешен менаџер на некоја стопанска фирма да стане утре и ректор. Не е точно. Апсолутно не е точно. Колега Макрадули, апсолутно не е точно дека ректор, вие викате дека ректорот не смее да биде од надвор. Нема да биде ректорот од надвор, колега Макрадули,нема да биде ректорот од надвор. Ректорот пак ќе биде само од некој друг универзитет. Сега со овој закон се дава можност да се јави за кандидат за ректор редовен професор од друг универзитет. Во што е проблемот? Јас не гледам тука никаков проблем. Не е никаков упад, не смејте се колега Макрадули, не е ништо смешно, слушајте ме. Јас ве слушав цело време и бев внимателна и коректна и не се смеев. Вашите тези ги слушнавме и сега јас зборувам и се повикувам истовремено на вашите зборови за да се надоврзам на вашите тези односно да ви дадам контра тези. Значи, немојте да ја дезинформирате јавноста, не станува збор дека може да биде ректор човек од надвор. Дека може да биде човекод друг универзитет, а не човек од надвор од некоја друга средина. Затоа што во членот во овој закон за високо образование убаво стои кој може да биде ректор. Исто така, претходно тоа е дефинирано. Во член 53 алинеја 3: "ректор се избира од редовните професори и од научните советници за време од 4 години со право на уште еден избор". Што значи ова? За да се стане редовен професор, тоа е највисокото наставно научно звање треба, почитувани, тој што е редовен професор треба претходно минимум да помине 10 години низ универзитетската средина. Значи, може доктор на науки кој е од стопанството додека бил директор или работел на друго работно место да докторира и не анекој конкурс за избор на доцент по некој предмет, може мене да ми се јави на тој конкурс човек од надвор и тој да стане доцент, а јас како дотогашен асистент да извисам и да останам без работа и покрај тоа што сум била внатре во факултетот 5-6 години за да магистрирам, мене може да ми се случи тоа на конкурсот секој да може од надвор да ми конкурира како доктор на науки и да биде избран за доцент, до колку е подобар сонеговите референци од мене, а не може ректор да конкурира редовен професор на друг универзитет. Па, кои се тие критериуми, за каков упад вие зборувате, за какво намалување на автономијата на Универзитетот. Тоа се чисти нотoрни лаги и измислици од ваша страна. Значи, поентата ми беше следна, за да се стане редовен професор треба да конкурирате на факултертот на конкурс и да ве изберат во доцент. Откога ќе станете доцент до редовен професор мора да поминете низ факултетот 10 години минимум. Вие после десеттата година сте редовен професор. Па, зошто јас како редовен професор која што сум поминала 10 години низ средината на факултетот односно на Универзитетот не би можела да се јавам на конкурс за ректор на друг универзитет. Со тоа сакам јавноста да ја запознам дека ректорот не доаѓа од надвор, ректорот доаѓа само

од некој друг универзитет. А, ако Сенатот од тој матичен универзитет оцени дека тој ректор е поквалитетен од ректорот од матичниот факултет, кандидатот што е за ректор од матичниот факултет, зошто тогаш квалитетот да не победи. Јас точно ќе кажам дека вашите тези се ближат кон ограничување на автономијата на Универзитетот. Вие сте против конкуренција, вие сте против квалитет, виес те за во рамки на еден универзитет, цело време зборувате за “Св. Кирил и Методиј”, што значи тоа е ваш партизиран СДСМ-овски Универзитет и се плашите да не е некој случајно од другите универзитети влезе во вашиот Универзитет.

Ајде да позборуваме малку за Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. Нели е тој хетероген Универзитет. Тој е составен од Земјоделски факултет, од Природно матетматички факултет, од Технички факултет, од Машински факултет, од Технолошки факултет, од Медицински факултет, од Економски факултет, од Правен факултет, од Филолошки факултет, Филозовски факултет и т.н., како тоа може од толку многу различни факултети да се избере ректор, а не може од друг факултет, од друг универзитет да се пријави за кандидат за ректор. Кој е вашиот аргумент. Јас не слушнав зошто не може. Ни еден аргумент изфржан не искажавте, освен претпоставки и политизирање на Законот за високо образование.

Амандманот не треба да се прифати, бидејќи воопшто не е издржан, напротив прокламира демократија, афтономија, конкуренција, квалитет во универзитетите во Република Македонија. До сега беше обратно. До сега имавме затворање на универзитетите и движење само во рамките на сопствениот универзитет. Е, тоа не е автономија. Јас пак ќе повторам, ако може мене на мојот конкурс за избор за повисоко звање или во истото звање да ми се јавите вие почитуван колега Макрадули или јас на вас обратно, зошто тогаш д ане можеме да се движиме во конкурсите за ректори по универзитетите. Благодарам, а ако треба повторно ќе се вклучам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Секуловска.

Господинот Јани Макрадули се јави за реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Јас мислам нема поголем доказ дека веќе и го знаат решението кој ќе биде за ректор, ќе беше поискрено ако ни гокажат за да се подготвуваем. Ова не се ставови само мои и на опозицијата, овие се ставови на Ректоратот на Унверзитетот “Св. Кирил и Методиј”, кој што во соопштение што го дадоа во медиумите јавно објаснија дека договор со Министерството или соработка и усогласување имаше до 20 ноември, но од необјасниви причини на седницата на Влада се направи овој упад. Дали граматички ќе зборувате или описно од Универзитетот и надвор од Универзитетот, што ви е надвор, тоа е работа која што не сакам да ја дебатирам. Јас знам како работи оваа Влада. А, таа Влада дава пример за да ние се сомневаме. Изборот на Сашо Митрев е парекселанс во политички упад. Матичната комисија не го прифативте амандманот, вие не подржавте тогаш, да не смее да дава поголеми звања. Матичната комисија избра човек, државен секретар во министерство, без 10 години што ги набројувавте вие во критериумите. Го унапреди во редовен професор, а тој беше дописен не беше член на Универзитетот, не беше член на факултетот. Преку ноќ Матичната комисија политички го избра. Зошто го избра политички? Затоа штоне им беше доволно сите професори, не му веруваше Груевски на неговиот советник Владо Поповски, туку Зоран Ставрески го стави претседател на Комисијата. Па, на кој универзитет работи Зоран Ставрески и тој како претседател на Матична комисија преку ноќ го унапреди сашо Митрев и тој стана ректор. Бидејќи така работи во Штип, затоа се плашиме ние дека сме го виделе тоа ние од оваа Влада. Само тоа е проблемот, тешко ако не ги гледате тие аргументи, тогаш ќе ни се случува ова што ни се случува. Политичките упади што ние ги правиме не ги гледаме, туку кога некој сака да ги одбрани тогаш ќе ги навредуваме и ќе ги напаѓаме.

Затоа, во овој момент можам само да изразам жалење и тешко на Тито што му се случува со вакви упадици што ги правите без да гледате во реалноста што се случува. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Контра реплика има Секуловска Мирјана, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Најпрво, вака ќе ви одговорам, ние овде носиме закон за високо образование, тој што ќе го прекрши законот за високо образование не е наша работа, коелга Макрадули. Вие не се грижите за оние што ги кршат законите, си има други органи кои што тоа треба да го истражуваат и да го докажуваат кој го прекршил законот, дали Матичната комисија и слично. Ние не зборуваме за тоа. Ние зборуваме конкретно по Законот за високо образование. Не може ние да се повикувам што би било ако би било на база на претпоставки, што ако се прекрши законот. Има кој да каже што ако се прекрши законот, не сте вие тоа тие.

Втора работа, веќе го чепкате НСДП и слично, јас се чудам кој го брани законот за високо образование, првите редови вечни асистенти сте по факултетите и вас треба да ви е срам да зборувате за законот за високо образование.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Секуловска.

Реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитувана госпоѓо Секуловска, не можам да се согласам со вас речиси во целата дискусија, заради тоа што во ни едно наше излагање поовој закон, ниту пак поовој амандман не рековме дкеа сме против конкуренцијата и против квалитетот. Напротив, политиката на пратеничката група на СДСМ и на

Социјал демократскиот општ кога станува збор за образованието и нашата подршка штоја дадовме за формирање на Универзитетот во Штип и на Факултетот во Битола јасно дава до знаење каква е нашата политика во однос на образованието и дек ание ги пдоржуваме оние предлози кои што можат да придонесат за подобар квалитет и подобра конкуренција. Меѓутоа, за жал, нашата добра намера за поддршка на вакви добри проекти се покажа дека во суштина станува збор за практицирање во текот на формирањето на овие високообразовни институции исклучиво на партиска политика на ВМРО-ДПМНЕ , НСДП и ДПА. Тоа е тоа што нас не загрижува. Во секоја нормална држава формирањето на вакви две нови високообразовни институции ќе придонесеше за вработување на кадри кои што ги исполнуваат критериумите со висок просек, на соодветни работни места. Меѓутоа, за жал,не се случи тоа, туку се случи комплетна партизација и тоа почнувајќи од првиот човек, па се до последното вработување на овие високообразовни институции. Затоа, жално е што политиката која што ВМРО-ДПМНЕ ја практицира во изминатиот период, меѓу другото и во периодот од 1998 до 2002 година за комплетна партизација и на високообразовните институции ни дава за право да се сомневаме дека овие решенија се практички озаконување на сите постапки до сега кои што ги влечеше Владата на ВМРО-ДПМНЕ , а кои што практично претставуваа рушење на автономијата на Универзитетот и поставување на партиски кадри во високообразовните институции кои што беа формирани во овој мандат и за кои што пак ќе повторам ние ја дадовме подршката, заради тоа што сметавме дека ќе придонесат за подобар квалитет и подобри услуги на високото образование во Република Македонија. За жал, се покажа дека политиката на ВМРО-ДПМНЕ не е добронамерна, туку напротив ваквото аплицирање на валста дава за право да се сомневаме дека ваквите решенија практички само овозможуваат ВМРО-ДПМНЕ да добие законска можност за комплетна партизација на високообразовните институции, нешто што гоправеше до сега спротивно на Законот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Повеќе од очигледно е дека не сакате да го разберете законот, бидејќи така ви одговара.Меѓутоа, колешке Грковска, јас не сакам да бидам конкретна, но ќе бидам во овој случај, бидјеки не знам поинаку како со вас да се разбереме, бидејќи ова што го зборувавте е чиста демагогија, не е вистина. Кажете ми по кои критериуми, по кои членови од Законот досегашен за високо образование вие и неколку напред се во континуитет 10-15 години се асистенти по факултетите. Нели е тоа кршење на Законот за високо образование. Кога ќе ми кажете како вие седите по тие факултети, а не ги исполнувате основните услови и критериуми за асистенти по факултетите, тогаш ќе зборуваме за претпоставки за кршење на законот на овој сега што го носиме. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Секуловска.

Реплика има господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам потпретседателе.

Како дополнување на ова што гокажа почитуваната колешка Секуловска со кое што апсолутно се сложувам, па било тоа добронамерно или недобронамерно, има егзактни мерки кои што ќе го оценат нашиот закон за високо образование. Меѓу другото и на планот на конкурентноста, секоја година, знаеме минатата година опозицијата во повеќе наврати поентираше со степенот на конкурентност и паѓањето на неколку индексни поени на нашата земја. Меѓу другото оценувајќи ја конкурентноста на една земја, што е повеќестолбен систем на оценување, петтиот столб се однесува точно на високото образование,на анализите на високото образование во една земја. Според тоа, сметам дека првите известувања или согледувања за то акаков закон за високо образование имаме, ќе ги имаме на крајот на годината на план на оценка на нашата земја на план на конкурентноста.

Второ, од Бергентската до последната Лондонска конференција на министри за образование, главен акцент ќе дадеме на мобилноста, значи не само на студентите, туку и на наставниот кадар и на конкурентноста и сметам дека овие одредби точно одат во таа насока или во насока на Болоњскиот систем. Има еден мал проблем што е многу политички и многу исполитизиран. А тоа ако се мешаат концептите на автономија и на самоуправување. Сметам дека токму сите политички разлики меѓу нас и колгите од опозицијата дека се токму во оваа рамка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шутаров.

Збор има господинот Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Мислам дека од ваквото решение предложено од страна на Владата во законот и од дискусиите на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои ја поддржуваат Владата која прави директен упад и партизација на самостојноста и автономијата на Универзитетот, најголемата демагогија е рекламата на Владата Образованието е сила, образованието е моќ, затоа што после читањето убавото прочитување на законот и согледувањето на неговата политичка позадина, единствено нешто што произлегува е дека Владата навлегува во длабока партизација и политизација на образованието, на високото образование, така што од сега натаму за жал ќе важат некои други политички критериуми во образовната политика, а не образовни критериуми и образовни политики во образованието.

За жал, со ваквите решенија не само што Владата директно не одалечува од датумот за преговори за Европската унија, која патем речено не го ни бара, што е очигледно затоа што доколку, не дај боже, според оваа Влада се приближиме до Европската унија, оваа Влада нема да може да има толкав маневарски простор и слобода да ги злоупотребува законите, да ги гази основните вредности на демократијата, да не враќа назад, да не изолира, да не омаловажува, потценува и со ваквите решенија во Законот да биде поблиску до социјализмот на Милошевиќ отколку до знамето на Европската унија кое, поради ваквите решенија и прелози на Владата срамно стои на овој нејзин Предлог закон. Со други зборови на Владата на ВМРО-ДПМНЕ добро и се познати тенденциите и својствата на водењето на кадровската полититика и на партизацијата на сите државни институции, на институции кои треба да ги водат и да бидат опфатени со професионалци, независно од тоа кој е на власт, кој е во опозиција затоа што и едното и другото е менлива категорија, меѓутоа државниот интерес е нешто што треба да биде константа во политиката на секоја Влада. Меѓутоа, за жал, државниот интерес се само флоскула во саморекламирањето на Владата, а не приоритет од кој се раководи Владата при носењето на вака важни закони кои, како што реков на почетокот длабоко задираат во автономијата на Универзитетот, академската слобода, слободното одлучување и управување и неповредливоста на универзитетскиот простор. Овој цитат е од поимникот на член 2 од Законот и не знам зошто стои и која е смислата кога подолу во содржината на Законот се вметнуваат решенија кои немаат блага врска ни допирни точки со автономија на Универзитет и академска слобода. Тоа го говорам не случајно затоа што тоа не и е прв пат, не само во овој мандат, на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Да се потсетиме, за оние кои брзо заборавaат и за оние кои не сакаат да ги паметат црните страници од македонската историја кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт, на пример, периодот од 1998 до 2002 година. Дури би рекол дека овој период е уште поцрн и уште попоразителен, со оглед на периодот и на искушенијата пред кои се наоѓа Република Македонија, тоа членството во НАТО, членството во Европската унија, за што како домашни задачи ние со вакви решенија буквално си ставаме трн во здрава нога и за жал, ваквите решенија и ваквите ексклузивитети што си ги дозволува Владата, сметајќи се самата деке е на врвот на моќта и дека се и е дозволено, меѓутоа не водејќи сметка за државните интереси. Сите овие експерименти ќе се одразат на сите нас, како држава, на нашиот рејтинг, на нашиот углед и на нашите демократски вредности и способности да развиваме слободни и независни институции. Посебно тоа важи за образованието кое најмалку, повторувам најмалку, иако е тоа преблаг збор, треба да биде изложена на вакви притисоци, вакви обиди и упади за партизација и инсталација на партиски кадри.

Што се однесува на партизацијата во овој мандат на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ, можеме да почнеме од здравството. Го партизира комплетно здравството и што е уште потрагично го разруши здравството.

Не претајте со раце, сослушајте ме, после ќе имате право на реплика.

После здравството доаѓа на ред судството, по примерот на образованието. Не правам дигресија, само давам примери за политиката на партизација на ВМРО-ДПМНЕ.

Судството е посебно актуелно овие денови.

За Министерството за внатрешни работи веќе знаеме. Министерството за внатрешни работи е од корен растурено и партизирано. Обвинителството исто така. Исто така и обвинителството е актуелно овие денови. Сега доаѓа на ред образованието.

Значи, како што рече портпаролот на Владата останува уште премиерот и Владата да ги партизираат метоpолошките прогнози и наместо некои од професионалните презентери во медиумите, самиот премиер Никола Груевски лично да ни ја прикажува временската прогноза, исто како што самиот лично шета по аптеките, што не му е работа, се разбира, во една сериозна држава каде институциите си ја знаат својата работа.

**Бесим Догани:** Ве молам, господине Кондарко сепак вратете се на темата, на амандманот.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Јас само правам една споредба, кога говориме за партизацијата затоа што овој амандман го партизира Универзитетот и прави упади. Само говорам за однесувањето и политиката на оваа Влада. Јас немам забелешка, вие си ја работите вашата работа, ме опоменувате и ја штитите Владата, меѓутоа, јас сум тука да говорам контра Владата.

Понатаму добивме партиски музеј на ВМРО-ДПМНЕ, има идеи од премиерот лично да имаме и партиски цркви. Знаете што уште ни останува, да доживееме оваа Влада со закон или до декрет, не мора со закон, со декрет на премиерот, како што тоа и обично бива во тоталитарни општества, името на Универзитетот Св."Кирил и Методиј", еден ден, по примерот на црквата го преименува премиерот во Универзитет на пример Св. Никола, исто како и црквата што ќе се вика Св.Никола, се надевам не Груевски.

(Од место реагира пратеничката Виолета Ташева од ВМРО-ДПМНЕ)

Ве молам, да не се паничите вие од место и да не се нервирате. Вака нема да му помогнете на премиерот колешке Ташева.

**Бесим Догани:** Уште еднаш ќе ве молам да се држите кон амандманот, кон темата на амандманот, кон вашето мислење околу партизацијата на образованието на универзитетите. Оставете ги општествеите збиднувања за пратенички прашања. Ве молам.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе, јас ќе продолжам каде што застанав.

Значи се работи за едно многу значајно општествено збиднување, се работи за автономијата на Универзитетот. Ако ги поврзам сите овие општествени збиднувања за кои претходно зборував, за партизација, упади, тоталитарност, авторитарност на Владата и на премиерот лично, ќе се дојде и до овој амандман. Значи не случајно јас говорев за сите тие општествени појави на тоталитаризмот кој го прави оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, со владината одредба која очигледно дека е упад смислен, затоа што откако помина овој закон на владина седница, на друга владина седница, во текот на ноември е додадено ова решение, ректорот на Универзитетот да не мора да биде од редовите на вработените на Универзитетот.

И уште нешто што го говорев во општата расправа, што има неизбежна причинска врска со ова решение и што укажува на тоа дека оваа Влада нема намера да застане на овој степен на партизација, туку мисли уште да ја продлабочува, е исказот на заменикот министер за образование на Законодавно-правна комисија, кој веројатно во моменти на искреност кажа дека во Владата размислуваат и планираат, покрај ова решение ректорот да не биде од вработените на Универзитетот, туку да се дозволи, да имаме законска можнст ректорот да биде странец, по примерот на експериментот што беше со Јавното обвинителство како општествено збиднување, како што рековте, јавните здравствени установи и Фондот за здравствено осигурување, во Клиничкиот центар, МРТВ, итн. Значи, премиерот многу добро знае и оваа Влада дека, исто така имавме еден пример како што се направи со упадот во Антикорупциската комисија каде два дена пред да се, како општесетвено збиднување и феномен на оваа Влада ова го кажувам во контекст на амандманот, членовите на Антикорупциската комисија да бидат професионалци, за два дена министерот за правда Маневски и премирот се откажаа од професионалците затоа што очигледно на оваа држава не и треба ни професионална Антикорупциска комисија, ни професионално Министерството за внатрешни работи, ни професионално обвинителство, ни професионално здравство, еве со овој амандман ни професионално образование. Значи, премиерот многу добро знае дека за да може тој да спроведува ваква политика на упади и партизација, не му трабаат професионални институции во Република Македонија, за да нема кој, освен опозицијата овде во Парламентот, која постојано ја уќуткувате, да се спротистави на самоволието на оваа Влада. Меѓутоа, многу добро исто така знае дека, бидејќи не му требаат професионалци, му треба проширување на фамилијата, како што е случајот на пример со браќата Митреви итн.

Имаме ситуација со едно вакво решение Владата излегува без срам и ни го продава како демократија, како продлабочување на демократијата, значи, токму обратното, и слободата и автономијата на Универзитетот, за пратениците кои го подржуваат ова решение на Владата да ни речат дека Владата не поставува ректори, а според овој закон јас не верувам дека Владата би си ја пропуштила приликата која самата си ја создала, да го нарпави токму тоа и по примерот на роднинските, пријателските или фамилијарните врски, или бизнис врски, утре може на државниот универзитет, на пример Владата и премиерот лично да постави, да претпоставиме и некој новинар од независната национална Сител телевизија. Ништо чудно. Овој закон тоа го дозволува.

Ми беше порачано овде да не се грижиме многу за Универзитетот Св.”Кирил и Методиј”, односно бевме обвинети дека премногу се грижиме. Да, ние така и дискутираме, се грижиме за Универзитетот Св.”Кирил и Методиј”. А вие за кого се грижите, за Св.Никола? За црквата Св.Никола или за премиерот Никола Груевски.

**Бесим Догани:** Ви молам господине Кондарко немојте да ја претеруваме работата.

**Борис Кондарко:** Не ја претеруваме затоа што кон тоа водат работите. Ќе повторам уште еднаш, наредна работа што можеме да ја очекуваме е промена на името на Универзитетот.

**Бесим Догани:** Знаете дека според Деловникот немате право да им се обраќате на пратениците. Тоа добро го знаете, сте го прочитале.

**Борис Кондарко:** Како немам право.

Тогаш ако на пратениците немам право да им се обраќам, кои се присутни тука, на премиерот ич. И тука ќе ми ставите цензура?

**Бесим Догани:** Не ви ставам цензура, но немате право да им се обраќате на пратениците со прашања.

**Борис Кондарко:** На пратениците не, потпретседателе. Пратениците се тука и слободно можат да имаат реплика, контра реплика итн.

**Бесим Догани:** Немојте ним да им се обраќате.

**Борис Кондарко:** Ако некому не му одговарам ова што го говорам сега, не можете на тгаков начин да ме ограничувате. Сепак треба да се слушнат и поинакви мислења.

Мислам дека со решението понатаму што се нуди во одредбите во овој закон од страна на Владата е дека ректорот ќе биде тој што ќе ги избира и разрешува деканите и со самото решение кое претходно говори за тоа кој се може да биде ректор, едноставно кога ќе ги доведете во контекст надлежностите на ректорот, во наредниот член 54, ќе видите дека тоа е само зародиш на партизацијата. Вистинската партизација ќе се случи дури во наредниот член за кој исто така имаме амандман, каде што Владата откако ќе си инсталира свој партиски кадар кој не само што не мора да биде вработен на Универзитетот, туку овде не пишува дека мора да биде професор, може да биде, како што реков

новинар на пример. Сега замислете тој новинар, или некоја друга несоодветна професија, да биде ректор и тој по кои критериуми и принципи, по кои професионални стандарди или образовни критериуми ќе се раководи, да речеме при избор на деканите, затоа што Владата го менува начинот на избор на деканите, како досега што беше наместо научно-настаниот совет, да бидат избрани од самиот факултет, бидејќи самиот факултет може многу подобро да даде оценка и проценка за сопствените професори од редот на кој се избира дека, а сега вака тоа се пренесува на ректорот. Исто така, на ректорот се пренесува и надлежноста да претседава со Универзистетскиот сенат. Тука повторно ние гледаме политички упад, затоа што Универзитетскиот сенат досега беше еден од столбовите на автономијата на Универзитетот. Сега дали ќе биде тоа така? Значи директно влијание на ректорот кој ќе го назначи Владата, ќе има во Универзитетскиот сенат кој ќе претседава со него. За да биде апсурдот поголем, извештаите, редовните годишни извештаи што ректорот за својата работа треба да ги доставува до Универзитетскиот сенат, ќе испадне дека ги доставува самиот на себе и ќе дебатира и одлучува самиот за себе, што е нелогично и непринципиелно.

Значи, укажав на редица недоследности, редица решенија кои отвараат простор за конечно рушење на автономијата на Универзитетот кои сака во дело да ги спроведе оваа Влада.

Би требало за овој амандман кој и според листата на пријавени и според бројот на реплики предизвика најмногу дискусија, Владата и претставникот на Владата министерот за образование, иако е во оставка, сепак тој седи тука, активно да се вклучи и да ги слушнеме причините и образложенијата од кои се раководела Владата при вметнувањето на едно вакво решение кое нема никаква врска со автономијата на Универзитетот, за да можеме на демократски начин, во демократска отворена дебата овде во Парламентот да проговориме, кога е време и кога е место за тоа, а не отпосле откако ќе настанат проблемите, некој друг да ги решава, односно да не може да ги реши затоа што Владата на ВМРО-ДПМНЕ  во старт, со измени на законот и со своите 61 пратеник, кои не се присутни овде во салата и да прават кворум сака да го смени овој закон. Затоа се губи смислата, доколку имаме овде само еднострана дебата, доколку имаме дијалог на глуви, доколку говори само опозицијата, доколку не можеме констуктивно да влеземе во дебата со Владата на Република Македонија која мисли дека преку силата на мнозинството, а не преку силата на аргументите, може да протне во законот секоја замисла и секоја идеа за политичка партизација на премиерот Никола Груевски. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Реплика има госпоѓа Ружа Ѓорѓеска, повелете.

**Ружа Ѓорѓевска:** Благодарам потпретседателе.

Најнапред имам една процедурална забелешка лично до вас, затоа што не реагирате навремено кога би требало да реагирате, а знаете во кои случаи, кога се споменуваат имиња што не би требало, меѓутоа, тоа ќе ви го простам, затоа што подоцна реагиравте.

Она што се однесува до почитуваниот колега колега Кондарко само да го потсетам дека ја промаши амандманската расправа. Морам да му кажам дека можеби партиската задача ја исполни во целост да кажува тука невистини, да плука, да кажува временски прогнози, за жал земјоделието уште не го спомна, спомна многу други работи, но главното што требаше не го образложи во однос на амандманската расправа.

Што се однесува до временската прогноза можам да му кажам дека сигурно му е доста облачно, темно, студено и врнежливо.

**Бесим Догани:**  Благодарам госпоѓо Ѓорѓеска.

Контра реплика има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондрко:**  Почитувана колешке Ѓорѓеска мислам дека невремето и темните облаци одат на кај вашата Влада и на кај премиерот Никола Груевски и на кај позицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:**  Благодарам.

Реплика има госпоѓа Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателе.

Пред репликата јас си имам исто така процедурална забелешка. Конкретно од Деловникот член 87, ве молам доследно да го почитувате законот, затоа што се случи говорникот пратеник Кондарко до сега сите четири става од овој член да не ги испочитува. Со тоа што со неговиот говор воопшто не го почитува достоинството на Собранието. Обраќањето и личните навреди до личности кои се премиер на Влада на Република Македонија, кои се пратеници во Собранието на Република Македонија, се личности кои се почитуваат.

Што се однесува до неговото образложение во врска со амандманот јас би му советувала прво колегата Кондаркмо да седне да го прочита Законот, а особено му препорачувам Глава 6., која се однесува на органи и тела на високо образовните установи, почнувајќи од член 50 па до член 67 се прекрасно објаснети. Колегата нека не се впушта во дискусија да шпекулира и да ја лаже македонската јавност дека овде станува збор за некаков упад во автономијата на универзитетите, или за некаква политика која се спроведува или политизирање.

Колегата денеска само покажа големо политиканство, непознавање на областа од образование и што е многу важно колегата се впушта во дефинитивно само претпоставки кога би било што би било. Колегата нека седне нека го прочита законот и тогаш се ќе му биде јасно. Благодарам.

**Бесим Догани:**  Благодарам госпоѓа Ташева.

Контра реплика има господинот Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитувана колешке Ташева, бидејќи Законот ви е толку претресен може и повеќе пати да си го прочитате и уживајте во таа прекрасност, не сакам да ви ја нарушувам идилата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Реплика има госпоѓа Надица Танчева Тулиева, повелете.

**Надица Танчева Тулиева:** Благодарам потпретседателе.

На почитуваниот колега Кондарко јас нема да му укажам, нема да му дадам процедурална забелешка бидејќи тоа го направија моите две колешки, затоа што тој цело време во неговата дискусија не се држеше во однос на амандманот на Законот за високото образование, туку направи илјада дигресии. Се осврнуваше на упад во судството, партизации итн., земјоделието и што уште не. Во негов стил и јас ќе ја упатам мојата реплика кон него.

Сметам дека како член на СДСМ тој нема кредибилитет да зборува за упад и партизација во судството, затоа што почитуван колега дали мислие вие дека граѓаните на Република Македонија го заборавија генералниот реизбор на судиите во 1996 година, кога се правеа списоци на тоа кои можат да бидат, кои се подобни, а кои се неподобни да станат судии. Значи, сите добро се сеќаваме дека во 1996 година во општинските организации на СДСМ се правеа списоци на подобни судии. Дури што беше мошне интресно и оние кои што требаше да станат судии поротници, имаше ставови во определени основни судови каде што имаше во Заводот за вработување во тоа време доста правници невработени да бидат судии поротници, оние кои што не беа членови на СДСМ дури не беа избрани ни за судии поротници.

Мислам дека навистина вие немате кредибилитет да кажувате за партизација на судството. Сите знаеме дека од 1996 година, најголемите критики на нас како држава ни се упатени токму на тоа. Во судството што се случува сите сме свесни и се случуваше досега.

Многу често ги споменувате браќата Митреви, Жан и Саша Митрев, јас сум нивна сограѓанка и мислам дека и вие самиот сте премногу свесен за нивните квалитети и колку тие се докажани во своите области, во областа на медицината доктор Жан Митрев и во областа на земјоделието Сашо Митрев. Сметам дека не е умесно и не е коректно нон стоп така да се однесувате и да зборувате неумесни работи. Благодаам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Танчева Тулиева.

Контра реплика има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Почитувана колешке Тулиева.

Браќата Митревби ги спомнував од политички аспект, а не од стручен аспект. И ќе ги спомнувам и понатаму, тоа бидете сигурни.

Втора работа, можам да зборувам и за 1996 година, и за судство, меѓутоа, можам да зборувам и за 2000, на пример за криминалите на министерот за трговија и министерот за финансии Никола Груевски, на пример со ОКТА. Меѓутоа, јас сега зборувам за партизацијата на премиерот Никола Груевски, на судството во 2007 и 2008 година. Велите, Владата не поставува ректор на Универзиетот, меѓутоа видете за чудо Владата избира судии, иако не е тоа така според уставните реформи. Имаме преполни листи на братучеди, снаи, стрини, сопруги, сопрузи и браќа и сестри. Чии браќа и сестри се тоа, на ВМРО ДПМНЕ, или на кој друг.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Би сакал последната минута што ни остана пред паузата да ја искорисам за да искажам несогласување со колешките кои се јавија за реплика а има процедурални забелешки.

Господинот Кондарко имаше нападен говор, имаше неколку дигресии што се однесува на темата на амандманот, но немаше никакви навреди и со тоа не се согласувам. Можеби имаше споредби кои не се лични и долични, но навреди немаше и затоа ве молам во тој дел не се согласувам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,08 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Пратениците Весна Бендевска не е присутна, господинот Фадил Сулејмани не е пристуен, господинот Владо Бучковиски и господинот Ѓорѓи Оривчанец не е присутен.

Бидејќи нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандамнот на гласање, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата, да влезат во салата за да го извршиме гласањето.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во моментов во салата има само 52 пратеници, тука ја прекинувам денешната седница.

За продолжувањето во понеделник ќе бидете известени преку СМС пораки.

Ви благодарам.

(Седницата прекина во 15,33 часот)